Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-456/1
15 04 2025 год.
СКОПЈЕ

... REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 14-370/1
15. 04 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Имајќи ги предвид Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како самостоен и независен орган и двигател на позитивни промени за суштествена еднаквост, промоција на човекови права и елиминирање на сите видови дискриминација која ужива голема доверба кај граѓаните,

и

посветеноста на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје повеќе од 70 години да создава квалитетни кадри преку размена на искуства, знаења, едукација, литература и изготвување на истражувачки трудови кои придонесуваат кон јакнењето на капацитетите на сите правни профили во Република Северна Македонија, (во натамошниот текст: Факултетот) од друга страна,

1.**Комисија за спречување и заштита од дискриминација** (во натамошниот текст: Комисијата) со седиште на ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје, претставувана од Лимко Бејзароски, претседател на Комисијата, и

2.**Правниот факултет „Јустинијан Први“- Скопје** при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот) со седиште на Бул. Гоце Делчев 9б, 1000 Скопје, претставуван од проф. д-р Сашо Георгиевски, декан

(во натамошниот текст: договорни страни),

на ден 15.4.2025 година во Скопје, склучија

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## Член 1

Предмет на уредување на овој Меморандум е воспоставување на соработка помеѓу договорните страни преку поврзување на теоријата со практиката од областа на правото, особено во областите на уставното право, административното и трудовото право за кревањето на свеста и унапредувањето на еднаквоста пред законите, спречувањето и заштитата од сите облици на дискриминација во Република Северна Македонија.

## Член 2

Меѓусебната соработка на договорните страни ќе се реализира особено преку:

- Едукативни активности реализирани преку учество на претставници од Комисијата во изведување на настава од акредитираните наставни програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“-Скопје;

- Обезбедување на информации од Комисијата (квалитативни податоци, споделување на знаење, статистички агрегирани и неагрегирани податоци) за целите на научно-истражувачката дејноста од областа на усогласеноста на законите и другите прописи со законодавството на Европската Унија, меѓународните договори, највисоките меѓународни стандарди, на барање на Факултетот;

- Едукативни активности реализирани преку учество на претставници на договорните страни на различни семинари, курсеви и работилници кои се во доменот на нивниот делокруг на работење, а се од заеднички интерес;

- Соработка при иницијативи во врска со законската и подзаконската регулатива во областа на заштитата и спречувањето на дискриминацијата;

- Развојни иницијативи иницирани од двете страни поврзани со остварување на целите на Меморандумот, и

- Организирање и реализација на практична настава за студентите на Факултетот преку центрите на правна клиничка едукација и Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први“-Скопје во зависност од расположливите можности на Комисијата.

**Член 3**

Двете договорни страни се согласни дека реализацијата на соработката уредена во член 2 од овој Меморандум, ќе биде во согласност со важечките законски и подзаконски акти, а особено од аспект на заштитата на личните податоци и доверливоста на податоците кои се водат во Комисијата, како и заштита на класифицираните информации согласно закон.

**Член 4**

Секоја од договорните страни е согласна при спроведувањето на активностите од член 2 од овој Меморандум, да се грижи за угледот и добриот глас на другата договорна страна, како и да го почитува непреченото вршење на нејзините редовни активности.

Спроведувањето на активностите од член 2 од овој Меморандум, не предизвикува финансиски импликации.

Претставниците на договорните страни, најмалку еднаш годишно ќе прават анализа на остварената соработка и ќе договорат препораки за унапредување на истата.

**Член 5**

Овластени лица за координација при остварувањето на соработката согласно овој Меморандум, се следните:

- Емилија Андоновска-Пападимитров, помошник раководител на Сектор за аналитика, меѓу-институционална соработка и меѓународна соработка како претставник на Комисијата и
- Проф. д-р Драган Гоцевски, продекан за наука и меѓународна соработка, како претставник на Факултетот;

**Член 6**

Овој меморандум може да биде предмет на изменувања и дополнувања по пат на Анекс, на барање на која било од договорните страни.

Секоја од договорните страни може да го раскине овој Меморандум, со писмено известување до другата договорна страна, 15 дена пред настапувањето на раскинување на Меморандумот.

**Член 7**

Меморандумот е изготвен во 2 (два) еднакви примероци, од кои по 1 (еден) примерок за секоја договорна страна.

**Член 8**

Овој меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето.

| Комисија за спречување и заштита од дискриминација Република Северна Македонија | Правен факултет „Јустинијан Први"- Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје |
|---|---|
| Лимко Бејзароски<br>Претседател | проф. д-р Сашо Георгиевски<br>Декан |